Уп. бр. 08-84

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од АУМОВИО Глобал Холдинг Недерландс Б.В. со регистрирано седиште на Бошстраат 21А, 6211 АС Мастрихт, Холандија преку адвокат Филип Зафировски од Скопје, на седницата одржана на ден 10.06.2026 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која АУМОВИО Глобал Холдинг Недерландс Б.В. со регистрирано седиште на Бошстраат 21А, 6211 АС Мастрихт, Холандија и ТЕМБ (Хонг Конг) Интернешнл Девелопмент Ко. Лтд. стан/куќа 1911, Ли Гарден Уан, 33 Хајсан Авенју, Козвеј Беј, Хонг Конг ќе основаат заедничко вложување, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 14.05.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација со која АУМОВИО Глобал Холдинг Недерландс Б.В. со регистрирано седиште на Бошстраат 21А, 6211 АС Мастрихт, Холандија и ТЕМБ (Хонг Конг) Интернешнл Девелопмент Ко. Лтд. стан/куќа 1911, Ли Гарден Уан, 33 Хајсан Авенју, Козвеј Беј, Хонг Конг ќе основаат заедничко вложување.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

АУМОВИО Глобал Холдинг Недерландс Б.В. е зависно друштво на АУМОВИО Џермани Гмбх, Хановер/Германија (АУМОВИО Германија) кое е зависно друштво на АУМОВИО СЕ, Франкфурт а.м/Германија (АУМОВИО заедно со неговите зависни друштва Групацијата Аумовио). Во рамките на Групацијата АУМОВИО, АУМОВИО Холандија делува како холдинг и финансиско друштво кое управува со финансиски инвестиции и акционерски средства за Групацијата АУМОВИО низ целиот свет.
Групацијата АУМОВИО е глобален добавувач на автомобили, нејзиното работење е поделено во четири области: архитектура и мрежни решенија, автономна и комерцијална мобилност, безбедност и движење како и корисничко искуство.

Групацијата АУМОВИО нема зависни друштва, подружници или претставништва во Република Северна Македонија, но остварува промет преку прекугранична продажба на следниве производи: сопирачки плочки и сопирачки дискови (сите делови за сопирачки со триење), течност за сопирање, хидраулична сопирачка (калипер, црево за сопирање на цилиндар, кабел), батерии, актуатори на моторот, сензори за управување со моторот, систем за гориво, алатки, електронски делови за сопирање, инструмент табла, KIBES (Клуч за интегриран електронски систем на возилото) контролер и сензори за брзина на тахографот.

ТЕМБ (Хонг Конг) Интернешнл Девелопмент Ко. Лтд. е зависно друштво на ТЕМБ Интелиџент Технолоџи (Шандонг) Ко. Лтд. Во рамките на групацијата ТЕМБ ХК делува како холдинг друштво основано за инвестициски цели и нема оперативни дејности.
Групацијата ТЕМБ е главно ангажирана во развој и производство на компоненти на систем за термичко управување на автомобили, првенствено вклучувајќи компоненти за контрола на температура ( термостат, паметен вентил за вода, неповратен вентил), сензори (сензор за температура, сензор за притисок), електроакустични компоненти (сирена, зујалка, AVAS, звучник), прекинувачи (прекинувач за притисок на масло, термички прекинувач и други производи (PVC вентил, пружина).

Групацијата ТЕМБ нема зависни друштва, филијали или претставништва во Република Северна Македонија, но остварила маргинален промет преку прекугранична продажба.

Заедничкото вложување ќе има за дејности развој и производство на одредени видови на сензори за притисок и сензори за притисок и температура за автомобили и нивна продажба во Европа.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 а) (ii) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**